ЦОУ “ХРИСТО УЗУНОВ” С. ДРУГОВО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата на ЦОУ,,ХРИСТО УЗУНОВ,, за учебната 2023-24 година

јуни, 2024

# Годишен извештај

Со Годишниот извештај за работа на училиштето ја презентираме состојбата во врска со организацијата и реализацијата на целокупната дејност, условите во кои се остварувала дејноста, планирањето и програмирањето на дејноста непосредната организација и реализација, постигнатите успеси и резултати, проблемите и тешкотиите, како и предлог мерките и активностите за надминување и за унапредување на натамошното работење на училиштето.

Во суштина се следат сите активности од почетокот до крајот на учебната година имено се следат планираните активности на учениците, наставниците, родителите, проекти кои се реализираат во училиштето, професионалниот развој на наставниците и стручните соработници, состаноци на стручните тела во училиштето,стручни активи, или се следи се што е планирано и реализирано со Годишната програма за работа на училиштето.

Учебната година започна на 01.9.2023 година навреме и без никакви проблеми како во централното така и во двете подрачни училишта во селата Брждани и Србјани и важно е да напомениме дека од оваа учебна година престана со работа ЦУ во с.Подвис а како причина е недостаток на ученици , појава која веќе подолг период е проблем на ниво на целата држава.

За успешен почеток на учебната година се погрижи управата на училиштето која согласно Годишната програма за работа одржа состанок на Наставнички совет во месец август на кој сите вработени беа запознати со актуелните проблеми во основното образование, се дискутираше за актуелните проекти кои се реализираат во училиштето, како на пример јакнење на активностите од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и ETwinning со учениците од одделенска настава. Аплициравме и за нов грант од 30.000 ден со 10% учество од училиштето и е во партнерство со Основното училиште „ Наим Фрашери“ – Ј. Доленци со кое училиште имаме потпишано и меморандум за соработка за заедничко учество во проекти од меѓуучилишни активности. Исто така се дискутираше за превземање на мерки за подобрување на условите како во централното така и во останатите три подрачни училишта за постигнување на подобри резултати во воспитно образовниот процес.Поготово се стави акцент на Инклузијата во основното образование , со кои потешкотии се среќаваме , како да се подобрат условите во училиштето за учениците со посебни потреби, а ќе напоменеме дека навреме беше извршена распределба на часови на наставниот кадар.

Централното училиште во с. Другово како и двете подрачни училишта во с.Србјани и с. Брждани во текот на летниот период беа целосно варосани, исчистени, дезинфицирани и припремени за стартот на новата учебна година. Оваа учебна година во подрачното училиште во с. Србјани по барање на родителите директорот на училиштето превзеде мерки и им излезе во пресрет така што надворешниот полски тоалет беше заменет со тоалет во училишната зграда како и беше реновиран подот на една училница во која беше поставен ламинат а се со цел подобрување на условите за работа на учениците и наставниците.

Од страна на управата на училиштето навреме беше обезбеден стручен и соодветен кадар на сите работни места за успешна реализација на воспитно-образовната дејност.

Превозот на учениците и вработените нормално се одвиваше но со одредени потешкотии, поради дотраеноста на комбибусот и автомобилот доделен од страна на општина Кичево.Кога сме кај овој проблем мора да напоменеме дека директорот на

училиштето вложува огромни напори за обнова на возниот парк на училиштето, постојано ја известува општината, МОН. доставува дури и барање до одредни амбасади во државата , но овој горлив проблем се уште не е решен и покрај тоа што се работи за превоз на ученици од доста широк регион.

По повод Детската недела и зачленувањето на првачињата во Детската Организација, учениците од ЦОУ "Христо Узунов" с.Другово реализираа активности во месноста "Китино Кале" каде беше прочитана и заклетвата за првачињата а исто така учениците имаа можност да го проследат цртаниот филм: Авантурите на Биби и Боби под наслов „ Пролетна магија"а во сите активности беа вклучени и учениците со посебни образовни потреби. Во месец октомври се реализира еднодневна екскурзија во месноста с. Пополжани од научен и забавно рекреативен карактер, каде учениците освен што научија нови работи за населеното место за тоа по што е познато туку и се забавуваа преку спортско-рекреативни активности, додека планираната екскурзија од комисијата за планирање на екскурзии во училиштето со посета на Крушево во месец мај-јуни не се реализира од оправдани причини .Наставникот по историја Виолета Петкоска со учениците од деветто одделение го посети Музејот во Кичево,собранието на РСМ во Скопје исто со учениците од деветто одделение, а со учениците од осмо одделение го посетија народниот правобтанител Илбер Руфати во Кичево.

Во учебната 2023/24 година на почетокот од учебната година запишани се вкупно 130 ученици. Во текот на учебната година се испиша еден ученик од осмо одделение а се запиша еден ученик во прво одделение. Учениците во централното училиште се распределени во 13 паралелки и тоа од прво до петто одделение има 52 ученици во 5 паралелки, додека од шесто – до деветто одделение има 64 ученици во 8 паралелки.

Во подрачните училишта во селата Брждани и Србјани (од ова учебна година паралелката во ПУ с. Подвис е укината со тоа што едната ученичка од оваа паралелка е префрлена во централното училиште а наставникот кој предаваше во с. Подвис е распределен во ПУ с. Србјани) :

- Во ПУ Брждани една комбинирана паралелка од трето и четврто одделение со вкупно 2 ученици кои ќе го продолжат образованието во шесто одделение во централното училиште, така што за наредната 2024/2025 година по се изгледа дека нема да има ученици кои ќе се запишат во прво одделение.

- Во ПУ Србјани две комбинирани паралелки од прво, второ, трето (во една паралелка вкупно- 9 ученици) и (четврто и петто одделение во втората паралелка со вкупно 3 ученици).

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година навреме беше изготвена согласно ЗОО разгледана и усвоена на седницата на Наставнички совет на ден 06.07 2023 година и на седницата на Училишен одбор одржана на ден 06.7.2023 и истата е усвоена од страна на Советот на општина Кичево, а потоа доставена до Државноот просветен инспекторат – Кичево и Бирото за развој – Кичево.

Сите наставници навреме доставија Годишни распределенија за задолжителна настава, додатна настава, дополнителна настава слободните ученички активности како и активности за детската организација, програма за работа на стручните органи и тела во училиштето, стручните активи, програми за работа на стручните соработници.

Согласно новиот концепт за основно образование, за изборниот предмет Основи на веб – развој кој е избран од страна на учениците од шесто одделение, наставникот по

информатика Александар Трајаноски сам изработи Наставна програма при што беше доставена до БРО и истата доби стручно мислење со одобрение и препорака за нејзино користење и во останатите одделениеја. Програмата е поставена на веб-страницата на БРО во делот на изборни предмети во седмо одделение со можност за користење од страна на сите училиштата во државата, што секако претставува огромен успех на наставникот за афирмација на нашето училиште.

Според Комисијата за следење и реализирање на Годишната програма за работа на училиштето, увидот во распределенијата на наставниците од страна на стручната служба во училиштето и извештаите за работа на наставниците доставени на крајот на учебната година сите одделенски наставници како и најголемиот дел од предметните наставници имаат реалзирани додатни и дополнителни часови како и во целост се реализирани часовите за слободни ученички активности.

Наставниот материјал според изјавите на наставниците и увидите од страна на директор и стручната служба целосно е реализиран според наставниот план и програма.

Училиштето во текот на првото полугодие од оваа учебна година има реализирано 82 наставни денови, во текот на второто полугодие 98 наставни денови или вкупно на крајот на учебната 2023/2024 година одработени се 180 наставни денови.

Во текот на второто полугодие поради изборите во РСМ за неработни беа прогласени деновите 24.04.2024 година и 08.05.2024 година, поради што наставниците според напатствијата од страна на МОН во текот на нивното шестчасовно време работа со ученици ги одржаа нереализираните часови тековно во второто полугодие.

Како новитет од оваа учебна година учениците имаа и пролетен распуст кој траше од 29.04.2024 година до 06.05.2024 година, а учебната година заврши на 17.06.2024 година

ЕМИС/ЕСАРУ - одговорниот наставник Александар Трајаноски - администратор тековно ги внесува податоците и промените во електронскиот систем.

Во електронските дневници од страна на наставниците континуирано се внесуваат податоци во текот на учебната година, сите наставници според извештајот од увидот во Е дневниците од страна на директорот и педагошко-психолошката служба ги имаа внесено сите потребни податоци во Е- дневниците .

Педагошката евиденција и документација во училиштето се води во согласност со Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште.

И во текот на учебната 2023/2024 година наставниците продолжија со континуирано реализирање во целост на активната настава, примена на ИКТ примена од страна на наставниците такви форми и методи, средства – изработка на наставно – нагледни средства од страна на самите наставници, со кои ќе се овозможи успешна реализација на активната настава.

Согласно планот и програмата за професионален развој која секој наставник како и стручните соработници треба да ја достават на почетокот на учебната година наставниците и стручните соработници ги посетија следниве семинари, обуки, работилници.

Семинар – онлајн 16.11.2023 за проект Талис – организиран од ДИЦ (Државен испитен центар) – меѓународно истражување за настава и учење – предметен наставник Дејан Наставник;

Обука ,,Медиумска писменост , проект младите размислуваат на ден 31.01 и 01.02. 2024 год. наставник Ана Станкоска.

Семинар ,,Примена на иновативни и интерактивни пристапи во наставата,, и семинар од ISF Национална федерација ( за професорите по спорт и спортски активности) Миланка Цвтекоска Живковиќ и Владимир Сарџоски –наставници по ФЗО.

Обука –БРО за новата концепција за VI одделение 22.08 2023 година (Миланка Цветкоска ФЗО и Александар Трајаноски Техничко образование; 26.06 2023 година: Ана Станкоска – Историја и Општество и Виолета Петкоска – Историја.

Семинар на тема: Петте лажни претстави за Холокаустот, индикација за возраст и место во наставната програма 19.10 2023 година – Виолета Петкоска.

Обука: Инклузија во училиштето ГСИ – Консалтинг 18.08 2023 година – Библиотекар Дафина Сталеска.

Обука: Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично одржана на 28. 06 2023 година – Спец. Едукатор и Рех. Цвете Наќеска.

Обука: Инклузивно образование во пракса 20.06.2024 ГСИ –Консалтинг стручни соработници Ефтимоска Илиевска Оливера , Јасмина Дејаноска , Цвете Наќеска.

Обука - Иновации и претприемништво за IX одделение, 19.10.2023, одржана просториите на СОУ Ристе Ристевски Ричко - Прилеп. Обуката е во организација на Центарот за развој на нови бизниси и Центарот за извонредност за образование и обука за зелени иновации при Машинскиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје и Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, во соработка со: МАНУ, Бирото за развој на образованието, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Министерството за економија, како и проектите https://www.greenovet.eu/ и https://wbc-rri.net/ . – предметен наставник по информатика – Александар Трајаноски.

Семинар : ,,Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата ,, 05.12.2024 год. Александра Костадиноска ,Јасминка Јованоска Билјана Алексоска, Владимир Сарџоски, Миланка Ж.Цветкоска,

Сите одделенски наставници на **01 и 02.02.2024** –следеа обука за Медиумска писменост, проект *„Младите размислуваат“*организирана од БРО,одржана во ОУ „ Кузман Ј. Питу“, Кичево.

**Од 12 до 14.10.2023** наставничката Жаклина Стојановска учествуваше на обуката организирана од Национална агенција за образовни мобилности во хотел Континетал-Скопје на тема“*Градење на капацитети на училишта за програмата Еразмус+ обуки и интерактивни работилници, унапредување на вештини од различни региони во Република Северна Македонија” – развивање на инклузивни и зелени политики согласно Еразмус+ приоритетите* .

Наставниците од одделенска настава Жаклина Стојановска,Јованка Алексоска,Јулијана Штерјоска и Вања Ацеска ,членови на здружението ЗОН Учител –Битола ги следеа следниве обуки:

на **30 .11.2023** -во организација на Здружението ЗОН Учител,следење на Вебинар на тема,- *,,Ученици со оштетен слух во мојата училница*”

**14.12.2023 г** во организација на Здружението ЗОН Учител,инфо настан на тема-*,,Што е Еразмус,како да се испланира квалитетен еразмус проект,,*

**31.01.2024**-во организација на ЗОН учител ,следење на вебинар на тема- „*Емпатија кон надарените и талентираните во образовниот процес”*
**21.02.2024** - во организација на ЗОН учител ,следење на вебинар на тема-,,*Еколошко образование и климатска писменост преку експериментални активности*
15.05.2024 **ЕдуЛаб-вебинар на тема:** ***Промоција на „Тренинг за сајбер безбедност за едукатори“!***
Обука ,,Инклузија и пристапи во подучувањето на ученици со посебни образовни потреби”/наставник по музичко образование Даниел Божиноски.

Во училиштето тековно се реалзираа активностите на следниве проекти:

Проектот „Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта“ – продолжува со реализација во нашето училиште со што активностите беа поврзани со предметот Граѓанско образование во осмо одделение каде наставникот Виолета Петкоска успешно ги спроведе работилниците во месец ноември - декември, целта беше учениците да се запознаат со Антикорупцијата, да научат за методите и начините како да се избегне корумпираноста општо во текот на учењето како и во животот. А според повратните информации од страна на учениците се задоволни од овие работилници.

Проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ продолжува континуирано да се реализира во нашето училиште преку реалзирање на проекти со партнер училиштата , како и секој наставник самостојно ги има вметнато содржините во реализацијата на часовите од задолжителна настава, слободните ученички активности .

Во училиштето се реализира **Еразмус проект„Everything starts with healthy“** (Се започнува со здравје) ,кој ќе трае 2 години,координатор на проектот е наставничката Жаклина Стојановска .Оваа учебна година се спроведени 3 мобилности
**Од 29.10-02.11.2023г** Прва мобилност во Грција-Хераклион ,на кој учествуваа директорката,заменик координаторот Елисавета С.Делевска и координатор на проектот-Жаклина Стојановска.Темата на оваа мобилност беше Свесноста за водење здрав живот и здрава исхрана,предавање од нутриционист за тоа како практично да се состави план на исхрана.
**Од 26.02-02.03.2024**-Втора мобилност во Турција, Измир на кој учествуваше истиот тим од претходната мобилност,темата на оваа мобилност беше –Активности за здрава исхрана,изработка на слогани за здрава исхрана.
**Од 22.-26.04.2024 –**Трета мобилност во Хрватска,Загреб на кој учествува координаторот Жаклина Стојановска и заменик координаторот Елисавета С.Делевска,тема на оваа мобилност беше-Готвиме здрава храна и изработка на брошури со кои ќе ја подигнеме свесноста за водење здрав живот,во борбата против дебелината .
Проектот продолжува и наредната учебна година .На секоја мобилност се училиштето претставува со активностите кои се спроведуваат со нашите ученици во училиште како и активности поврзани со здрава исхрана во домот во кој активно се вклучија и дел од родителите.

Во училиштето се реализираат и еТвининг проекти,на кои работат наставничките Елисавета С.Делевска и Жаклина Стојановска,со учениците од III одд и дел од учениците од предметна настава, VI и VIIодд.

- Sustainable Ecological Schools-*Одржливи Еко училишта*
- Music & Nature- *Музика и Природа*

- Let's learn with mind games-*Ајде да учиме со умствени игри*
- My home- Мојот дом

Оваа година повторно дел од нашите еТвининг проекти се наградени со Национална и Европска ознака за квалитет.

Наставничките од одделенска настава Жаклина Стојановска,Јулијана Штерјоска ,Јованка Алексоска и Вања Ацеска,членови на здружението ЗОН Учител ,зедоа учество со свои активности во следниве меѓународни проекти.

Во период од **20.11-20.12.2023** години се реализира втор Меѓународен проект насочен кон јакнење на компетенциите на наставниците под наслов,, **Креативна примена на нови наставни техники".**
Во период од **1.02.2024- 29.02.2024** година се реализира трет Меѓународен проект насочен кон запознавање на учениците со ретките болести ,прифаќање, разбирање и помагање на лицата со ретки болести **„Училница со ретка добрина ретки болести"**
Во период од **1.04.2024- 24 05.2024** година се реализира четврт меѓународен проект ,,**Учител – професија која ги создава сите други професии"** насочен кон запознавање на учениците со различни видови професии.-Овој проект се реализира со помош на дел од родителите како предавачи и промотори на своите професии.

Во рамките на воннаставните активности одбележани се следниве настани:

- ,,Мојот учител/ка,моја инспирација" -одбележување на 5ти Октомври Денот на учителот-
- Светски ден на менталното здравје 10 Октомври
- Одбележување на Светскиот ден на храната 16 Октомври
- Европската недела за кодирање "CodeWeek"5-13 октомври
- Светски ден на љубезноста 13 Ноември;
- Светскиот ден на детето -20 Ноември ,под мотото Имам право да ги знам своите права
- По повод Месецот на книгата – Посета во нашето училиште од страна на писателката Мира Илијоска
- Меѓународниот ден на лица со попреченост-3 Декември-Сите сме исти ,сите сме важни"
- ,,Како да се хранам здраво;;-Работилници со учениците за важноста од правилна и балансирана исхрана-во ремки на еразмус проект
- Активности за одбележување на Безбедно на интернет 08.02.2024г
- Одбележување на 21 Февруари -Денот на мајчиниот јазик
- Одбележување на Денот на жената,прочитан е реферат пригодни песнички
- Светскиот ден на лицата со Даунов синдром 21.03
- Одбележување на 21 Март- Денот на пролетта и работни акции ,изрботка на предмети од рециклиран материјал,
- Светски ден за свесност за аутизам 02.04
- -Актиности од еразмус проект-Изработка на брошури за водење здрав начин на живот,
- -Активности од еразмус проект-Снимање на видео од подготовка на здрав оброк во домот
- -Одбележување на 22 Април ,Ден на планетата Земја
- -Одбележување на е Твининг ден-09.05

- - Базар на храна по повод 24мај ден на сесловенските просветители

Пред почетокот на учебната година на 29.08.2023г е одржана дисеминација на мултилатералниот семинар„Inclusion and Diversity in eTwinning” кој се реализираше во Леириа-Португалија од 22 до 24 јуни на кој присуствуваше одделенскиот наствник Жаклина Стојановска.

-На 07.09 наставникот Жаклина Стојаноска заедно со Директорката присуствуваа на настанот на доделување на еТвининг ознака за училиште во Скопје,организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.(НА)

Во текот на учебната година наши ученици учествува на натпревари , конкурси и ги постигнаа следниве резултати:

- По повод распишаниот литературен конкурс во Работнички Универзитет „Крсте Петков Мисирков“ – Кичево беа доделени наградите за следните ученици: Анастасија Стефаноска IXа одд. Тимотео Тодороски VIб одделение Марија Магдалена Сиљаноска V одделение и Матеа Китаноска V одделение под менторство на наставниците Ивана Витанска и Милчо Данилоски.

- Ученичката-Дарија Данилоска –III одд.учествуво на натпревар по ликовно цртање организиран од ОН-на тема-:Човекови права , и во својата категорија освои прво место, под менторство на одделенскиот наставник Жаклина Стојаноска.

На општинскиот натпревар по природни науки ( онлајн) зедоаа учество наши ученици и сите учесници освоија трета и втора награда, додека на регионалниот натпревар освоени се три трети места и една пофалница., под менторство на наставникот Дејан Стојкоски.

Под менторсто на наставникот Ана Станкоска на општинскиот натпревар по предметот географија освоено е прво место , на регионален натпревар трето место и на државен натпревар трето место.

На натпреварот по математика „Кенгур„ зедоа учество ученици од одделенска и предметна настава и освоија прва , втора и трета награда.

На општинскиот натпревар „Млади библиотекари„ под менторство на Емилија Антонска наставник по македонски јазик нашите ученици добија благодарници за учество

На ликовниот конкурс „Шарен свет„ цртање со точкање под менторство на наставникот Ивана Витанска освоено е прво и второ место.

Нашите наставници редовно и континуирано ги следат учениците кои напредуваат и кои имаат капацитети да учествуваат во различни слободни ученички активности: Спортски активности под менторство на наставниците по ФЗО –Миланка Ж. Цветкоска и Владимир Сарџоски- каде нашите ученици активно се вклучуваат и се подготвуваат за одредени спортски натпревари;

Драмска секција под менторство на Ивана Витанска (реализирани се драмите: „Снежната кралица“, „Девојчето со кибритчињата“, „Еко стандарди и стереотипи со Пипи“ – учениците активно ќе се вклучат и во планираните активности во МИО –проектот;

Во нашето училиште функционира и хорот под раководство на наставникот по музичко образование Даниел Божиноски и ова полугодие ги подговија следните нумери: „Песна за Христо Узунов“, „Химната на РСМ“, „Многу сакам снег“ „Звончиња-звончиња “(со некои од

овие нумери хорот се претстави и на предновогодишната приредба во училиштето). Исто така музичката секција е збогатена со оркестар во кој членуваат ученици од VI-IX одделение.

Сите останати одделенски и предметни наставници имаат реализирано воннаставни активности каде учениците се активно вклучени и целта секако е учење на нови работи, дружење, социјализација и претставување на нашето училиште во Општината.

Наставникот Александар Трајаноски има реализација на воннаставни активности во "Клубот на кодери" во кој оваа учебна година членови се 8 ученици од VII – IX одделение и притоа се одржани 12 часа во текот на првото полугодие;

Во одделенија каде што се реализира настава по новата концепција, воннаствените активности се реализраат преку изучување на содржините од Животни вештини, градинарство и хортикултура каде учениците се едуцираат и изработуваат одредени модели кои ќе им помогнат во учењето во иднина.

Директорката на училиштето во текот на ова полугодие има обезбедено: 30 канцелариски столици, 1 проектор и 2 клима уреди, додека пак училишната библиотека е во фаза на реновирање. Во нашето училиште пристигна донација од МОН за наставно-нагледни средства по Природни Науки( 16 постери), географија( 13 географски карти, 1 индукциски глобус, релјефни карти на РСМ и 3 модели на сончев систем); Од ОУРЦ „Кочо Рацин" –Битола добивме асистивна технологија по барање на нашето училиште: тракбол маус, програмабилен издвоен клик, математичка сметалка, сложувалка со коцки, едукативна книга, боенка со 3Д лепенк и боенка. Како и секоја година така и оваа учебна година по повод Новогодишните празници, Организацијата АДРА-Македонија донираше новогодишни пакетчиња но само за учениците од прво одделение до петто одделение, а за останатите ученици новогодишни пакетчиња обезбеди училиштето.

Собраните парични средства од Базарот кој се одржа по повод Денот на сесловенските просветители со Одлука на наставнички совет се наменија за набавка на плазма телевизор во дефектолошкиот кабинет.

Училиштето имаше успешна соработка со родителите, а посебно со Советот на родители кој управата на училиштето постојано го поттикнуваше за организирање на состаноци на кои родителите во детали беа запознаени со успехот, поведението на учениците и сите останати актуелни проблеми и настани кои се случуваа во текот на учебната година, но мора да напомениме дека во текот на второто полугодие , претседателот на Совет на родители даде оставка и се реизбра нов претседател.

Во училиштето работи и Ученички парламент кој изминатиот период во целост ги имаат реализирано планираните активности. За избор на претседател и Ученички правобранител беа организирани фер и демократски избори каде сите ученици тајно гласаа, а за спроведување на изборите се погрижи и стручната служба во училиштето .

Согласно програмата за Грижа за здравјето на учениците одговорните наставници ова полугодие се ангажираа за целосно да ги реализираат зацртаните задачи и активности кои се опфатени со наставните програми особено по ФЗО, биологија, хемија како и во слободните ученички активности, додека во целост беа реализирани вообичаените лекарски прегледи на учениците вакцинации и сл.

Во училиштето во текот на учебната година беа поставени соодветни изложби по повод Месецот на книгата, Месецот на безбедноста во сообраќајот, Денот на независноста на РСМ, Денот на востанието на РСМ, Пожарникарството, Беше изведена пригодна програма по повод

Нова година. Како и по повод на сите позначајни настани - холот на училиштето и самите училници секогаш беа соодветно естетски уредени.

Спрема извршениот увид од страна на директорот и педагошко-психолошката служба и предвидените активности со Планот и програмата на стручните активи и тела во изминатиот период одлично се реализирани.

Одржани седници на Одделенски совет – 5 и на Наставничко совет – 10, како и 4-наставничко – родителски средби и голем број на индивидуални родителски средби.

Досега сите стручни активи навремено се состануваат и ги одржуваат состаноците според планираните програми на стручни активи од (одделенска настава, општествена група на предмети и природна група на предмети) навремено се забележуваат сите недостатоци и секако се потенцираат и позитивните страни на кои треба да се задржиме.

Оваа учебна година акцент се стави на учениците со Посебни Образовни Потреби, бидејќи е наголемен бројот на ученици со потешкотии во развојот, кои се запишани во нашето училиште, а со цел да постигнат успех во образовниот процес, се упатуваат до МКФ-комисија за проценка на способностите и функционалноста кај децата – за што добиваме извештај, проценка и препорака од комисијата на МКФ. Доколку одобрат образовен асистент, се доставува барање до ОУРЦ " Кочо Рацин" – Битола кој е одреден како училиште со ресурсен центар за подршка и помош за нашата Општина, преку училиштето со ресурсен центар „ Санде Штерјоски„- Кичево.

Оваа учебна година во нашето училиште имаме 3 образовни асистенти за ученици со посебни образовни потреби во ( I, II и III одделение).

Активностите за работа на директорот целосно се реализирани според програмата за работа на директотот - следење на воспитно- образовната работа на наставниците, работата на стручната служба, активите, координација и соработка со Советот на родители , Училишниот одбор, Ученичкиот парламент.

Активностите за работа на психологот согласно Годишната програма за работа реализирани се целосно согласно програмските подрачја: Учество во сите подрачја каде тимски се работи заедно со дефектологот и директорот на пример: Годишна програма, Следење и посета на часови, разговор, состаноци, договори советодавна работа со наставници, ученици, учество во сите органи во училиштето и др. Навремено одржани советувања со родители според закон за основно образование и задолженијата и формуларите по кои работи психологот а се дадени од МОН и други активности.

Програмата за работа на педагогот во целост е реалзирана во текот на второто полугодие согласно програмските подрачја, додека во текот на првото полугодие педагогот беше на боледување.

